Врз основа на член 2 од Одлуката за формирање на тело „Скопје ЕПК 2028“ (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.12/24) и член 2 од Правилникот за избор на независни стручни лица - членови на телото “Скопје ЕПК 2028“ број ___________________ од __________________ година, Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на независни стручни лица - членови**
**на телото “Скопје ЕПК 2028“**

## 1. Предмет

1.1 Предмет на јавниот повик е избор на независни стручни лица за членови на телото “Скопје ЕПК 2028“ чија цел ќе биде спроведување на дејствија за реализација на активностите кои произлегуваат од титулата “Скопје - Европска престолнина на културата за 2028 година“.

Кандидатурата за престижната титула за Скопје претставуваше сложен процес кој се одвиваше повеќе години и во кој беа вклучени културни установи на ниво на Град Скопје и на национално ниво, бројни активни чинители од областа на културата и експерти чии заложби се валоризираа во 2023 година со изборот извршен од страна на Европската Комисија, Град Скопје да се стекне со титулата Скопје 2028 Европска престолнина на културата.

Со овој избор се отвори можност Град Скопје да стекне значителен културен, општествен и економски бенефит, а со тоа да се помогне во урбаната регенерација, интернационална промоција на градот, внесување на нов живот во културата на градот, раст на туризмот и зголемување на видливоста на Град Скопје на Европската и светската сцена.

1.2 Мандатот на членовите на телото “Скопје ЕПК 2028” ќе трае до 31.12.2028 година.

1.3 Финансиските средства за работата на телото “Скопје ЕПК 2028“ се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје.

1.4 На членовите на телото Скопје ЕПК 2028 им следува надоместок во рамките на средствата за титулата одобрени за таа намена.

**2. Право на учество на јавниот повик**

На јавниот повик може да учествуваат физички лица со живеалиште на територијата на Град Скопје кои имаат значително искуство во една или повеќе области со кои ќе придонесат за успешна реализација на Скопје 2028 Европска престолнина на културата и тоа изведбена уметност, музичка уметност, визуелна уметност и уметност на новите медиуми, издавачка и библиотечна дејност, музејска дејност и промоција на културно наследство, креативни индустрии, применета уметност и општествени науки.

**3. Услови**

Условите што кандидатите треба да ги исполнат дадени се во Правилникот за избор на независни стручни лица – членови на телото “Скопје ЕПК 2028“, објавен на веб страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk)

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

4.1 Лицата кои ги исполнуваат условите од точка 3 на Јавниот повик, потребно е до Град Скопје да доставаат пополнета и потпишана Пријава преземена од официјалната веб страна на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

4.2 Покрај Пријавата кандидатите задожително треба да ги доставаат и следните докази:

- доказ за лична идентификација, валидна лична карта или патна исправа
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- биографија на кандидатот
- писмо за изразување интерес
- портфолио со предлог идеи и проекти со кои кандидатот ќе допринесе за успешна реализација на проектот “Скопје ЕПК 2028“;
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон, доколку поседуваат такви документи и
- доказ за познавање на англиски јазик

4.3 Кандидатите доказите кон Пријавата ги доставуваат во хартиена форма, во оригинал или копија заверена на нотар.

**5. Рок и начин на доставување на пријавите**

5.1 Рокот за доставување на пријавите е 8 дена од објавување на Јавниот повик.

5.2 Пријавата со целокупната документација треба да се достави до Град Скопје преку пошта на адреса бул: Илинден бр.82, 1000 Скопје или во Архивата на Град Скопје (барака 16) заклучно со 8-от ден од објавување на Јавниот повик до 16:00 часот, како последен ден од завршувањето на јавниот

повик, со назнака за *Комисија за спроведување на постапката за избор на стручни лица за членови на телото “Скопје ЕПК 2028“*.
Пријавите се доставуваат во затворен плик без назначување кој го открива идентитетот на кандидатот кој ја поднесува пријавата.

5.3 Неуредните пријави што не се доставени на начин и во форма согласно јавниот повик, односно содржат нецелосни податоци или некомплетна документација и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

**6. Начин на спроведување на Јавниот повик**

6.1 За спроведување на Јавниот повик и утврдување на исполнувањето на условите утврдени со Правилникот за избор на независни стручни лица за членови на телото “Скопје ЕПК 2028“, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за избор на независни членови на телото “Скопје ЕПК 2028“ (во понатамошниот текст: Комисија).

За кандидатите чии пријави се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите од Правилникот, Комисијата дава предлог до Градоначалник за избор на независни стручни лица за членови на телото “Скопје ЕПК 2028“.

6.2 Градоначалникот на Град Скопје по предлогот на Комисијата донесува решение за избор.

6.3 Комисијата ги известува подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите од точка 3 на овој повик.

6.4.Ненавремено доставените пријави Комисијата воопшто нема да ги разгледува.

6.5. Кандидатите кои се јавиле на Јавниот повик, Комисијата може да ги повика на интервју.

Дополнителни прашања во врска со Јавниот повик заинтересираните лица за пријавување може да добијат на телефон 02/3297-324 или на електронската пошта kultura@skopje.gov.mk

**ГРАД СКОПЈЕ**